341.43(100:497.7):316.7 Rewiev

# РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИСТЕМИ НА БАЛТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

# THE INTELLIGENCE-SECURITY SYSTEMS OF THE BALTIC REPUBLICS

Милан Милошевиќ, Факултет за образование на раководни кадри, Нови Сад
milan2003@open.telekom.rs
Оливер Бакрески, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, oliverbakreski@yahoo.com

АПСТРАКТ:

Трудот претставува своевидна анализа и критички осврт на разузнавачко-безбедносните системи на балтичките држави. Анализата е насочена кон споредбената димензија на разузнавачките сегменти, нивната работа и нивните импликации врз демократскиот амбиент во државата кој особено се рефлектира на политичките слободи во формална и вистинска смисла на зборот. Стартната премиса е дека во демократските општества мора да се овозможи разузнавачко-безбедносната заедница да дејствува канализирано за да не се овозможи простор, односно за да не дојде до непотребна акумулација на моќ. Елаборацијата која е направена за разузнавачко-безбедносните системи во овој труд содржи два елемента: прво, се прави анализа на основите на кои е поставена разузнавачката заедница во балтичките држави, и второ, анализата преку компарирање на позитивните искустава не води кон реалните сознанија за местото и улогата на овој сегмент во општеството како еден од најсигурните начини да се дојде до вистинските одговори за состојбите во разузнавачко-безбедносните системи.

**Клучни зборови:** безбедносен систем, разузнавачка заедница, разузнавачки служби, координација, Естонија, Латвија, Литванија.

ABSTRACT:

This paper introduces a specific analysis and a critical review of the intelligence-security systems of the Baltic countries. The analysis is focused on the comparative dimension of the intelligence segments, their work and their implications on the democratic ambience in the country which are particularly reflected on the political freedoms in the formal and the factual notion of the word. The initial premise is that in democratic societies it is obligatory to facilitate a canalized action for the security community, in order to disable a space for, or not to let a certain accumulation of power. The elaboration made for

the intelligence-security systems in this effort contains two elements: first, an analysis is made for the bases on which the security communities are set in the Baltic countries and second, the analysis through comparison of the positive experiences leads us toward the real acknowledgements for the position and for the role of this segment in society as one of the most secure ways to get to the veritable answers for the conditions in the intelligence-security systems.

**Key words:** security system, intelligence community, intelligence services, coordination, Estonia, Latvia, Lithuania.

## ВОВЕД

Поради големите промени на општествено-политичките околности во маркантните историски периоди (Втората светска војна, завршувањето на Студената војна), сите три балтички републики: Естонија, Латвија и Литванија во текот на XX век повеќепати ја стекнувале и губеле својата независност. Паралелно со тоа, во нив многупати се менувал општествениот и државниот систем на уредување, додека пак, политичкиот и безбедносно-разузнавачкиот систем биле радикално реформирани.

Така, по вековите минати под данска, шведска, германска и руска власт, Естонија во 1918 година прогласила независност, која е меѓународно призната со Договорот од Тарту, потпишан во февруари 1920 година. По 22 години државна независност, земјата била насилно вклучена во составот на СССР во 1940 година. Естонија ја вратила својата независност во 1991 година, кога се распаѓал Советскиот Сојуз, а последните руски единици ја напуштиле нејзината територијата во 1994 година. Меѓутоа, Руската Федерација во 2005 година го повлекла својот потпис од техничкиот Договор за утврдување на границата со Естонија, потпишан во декември 1996 година, во знак на протест поради подготвувањето на унилатерална декларација од естонските власти со која се осудува полувековната советската окупација на таа земја. Билатералните односи ги отежнувало и незадоволството на Руската Федерација за положбата на етничкото руско малцинство во Естонија.

Латвија, низ историјата, позната како Ливонија или Terra Mariana, областа на денешна Латвија од XIII до XVI век била дел од вазалното кнежевство во рамките на Светото Римско Царство, под контрола на германските Тевтонски витези (Schwertbrüder). Тогаш, различни региони на Латвија за време на освојувачките војни биле окупирани од војските на Полска, Шведска и Русија. Од половината на XVIII век, по т.н. Голема северна војна и поделбата на Полска, целата таа област паднала под контрола на Руската Империја. Во периодот меѓу двете светски војни, Латвија имала национална независност за краток период, кој завршил со анексијата од страна на СССР во 1940 година. Земјата повторно си ја вратила својата независност со отцепувањето од

Советскиот Сојуз во 1991 година. Слично на Естонија, и односите на Република Латвија со Руската Федерација биле со нагласена грижа на Русија за бројното руско малцинство во Латвија.

Литванија, која меѓу двете светски војни била независна држава, била анектирана од страна на Советскиот Сојуз во 1940 година. По окупацијата од страна на нацистичка Германија (1941 - 1944 година), Литванија со навлегувањето на Црвената армија повторно паднала под власт на СССР. Меѓутоа, периодот од 1944 година до 1949 година се карактеризира со силно герилско движење против советската влада, во кое според некои податоци (Stanley, 1969: 85-108), учествувале околу 30.000 Литванци. Советските воени и полициски мерки против бунтовниците и отсуството на западна поддршка довеле до постепено задушување на бунтот, но вооружениот отпор траел сè до смртта на Ј.В. Сталин во 1953 година. Генерално, Литванија била првата советска република која прогласила независност (11 Март 1990 година), но тоа прогласување не било признато сè до септември 1991 година, односно, до неуспешниот државен удар во Москва. Последните руски единици ја напуштиле земјата во 1993 година. Литванија во изминатиот период успешно ја реконструирала својата економија и ја модернизирала јавната администрација во рамките на процесот за приклучување во европските и евроатланските интеграции, кој завршил во мај 2004 година. Иако е членка на Европската унија, Литванија применува поедноставен транзитен режим за руските државјани кои од Калининград патуваат преку нејзината територија кон Руската Федерација.

## 1. РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА ЕСТОНИЈА

Естонија (естонски: *Eesti Vabariik* ili *Eesti*) е држава која што се наоѓа на североисток на Европа, на брегот на Балтичкото Море и Финскиот Залив. Таа се граничи со Русија на исток и Латвија на југ, а од Финска ја одвојува Финскиот Залив,[4] и на 45. 228 км$^2$ територија има население од 1.274.000 жители (јули 2012)[5] (68,7% Естонци, 25,6% Руси, 2,1% Украинци, 1,2% Белоруси, 0,8% Финци, 1,6% останати), во која во последните две децении успешно е спроведен реформскиот процес.

Според одредбите на Уставот од 1992 година, Република Естонија е унитарна држава и парламентарна демократија. На чело на државата е Претседателот на Републиката со протоколарни овластувања. Шефот на државата го избира парламентот со мандат од пет години. Извршната власт е олицетворена во премиерот, кој го именува

[4] http://hr.wikipedia.org/wiki/Estonija (visited on 9.04.2012).

[5] https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/en.html (visited on 7.05.2012).

Претседателот на Републиката, а го потврдува Парламентот. Премиерот ги именува членовите на Владата, во чија надлежност е водењето на надворешната и внатрешната политика.

Законодавната власт ја извршува еднодомниот Парламент (Riigikogu), чии 101 пратеник се избираат на општи избори секои четири години.

Паралелно со стекнувањето на независност на Естонија во 1991 година течел и процесот за преуредување на разузнавачко-безбедносниот систем на оваа земја, кој вклучувал елиминација на дејствувањето на службите на поранешниот Советски Сојуз на територијата на државата, како и неутрализирање на влијанието на прокомунистичките противници на естонската независност.

Формирањето на новите естонски служби за безбедност било спроведено во првата половина на 90-тите години од минатиот век, со стручна, финансиска и техничка помош од разузнавачките служби на западноевропските земји и САД. Во оваа смисла, директно покровителство над службите на Естонија било спроведено од страна на шведските служби MUST и SEPO (IBP, 2008). За естонските служби карактеристично е тоа што во контраразузнавачката работа, за разлика од времето на КГБ, се користи строга конспирација (слично како контраразузнавачките служби на Германија и Велика Британија), така што седиштата на службите се легендирани како комерцијални компании и сл. Во нив, во првите години од независноста на Естонија имало значителен број американски инструктори. Инаку, естонските служби во Балтикот најзначајни резултати постигнале во разузнавачката работа против Руската Федерација.

Според Законот за полиција и другите прописи, разузнавачко-безбедносниот систем на Република Естонија, во потесна смисла, се состои од цивилни и воени разузнавачки и контраразузнавачки служби, безбедносни и полициски сили.

Главна улога во делот на контраразузнавањето му е доверена на <u>Штабот на безбедносна полиција</u> (Kaitsepolitseiamet - KAPO) кој е централно-автономната цивилна контраразузнавачка служба и служба за безбедност. До 1993 година оваа служба била во рамките на Министерството за внатрешни работи и оттогаш преку Координаторот за национална безбедност е одговорна пред премиерот. Во надлежност на Штабот на безбедносната полиција се: контрашпионажата, борбата против меѓународниот тероризам, прекинување на дејствувањата насочени кон насилна промена на уставниот поредок и промена на државните граници, спротивставување на пролиферацијата и заштита на доверливи документи. На чело на KAPO стои извршен директор.

За извршување на наведените задачи, формирани се *линиски организирани единици* во седиштето на службата споени во Централната команда, на чело со Генералниот директор на безбедносната полиција. *Територијалната организација* KAPO опфаќа

четири сектори, во чиј состав се одделенијата (на ниво на област) и секторите во помалите градови.

За работата на цивилните офанзивни разузнавачки служби надлежна е Дипломатско-безбедносната управа во Министерството за надворешни работи, која преку своите пунктови во естонските претставништва во странство собира и анализира разузнавачки податоци и информации релевантни за националната безбедност, територијалниот интегритет и националните интереси на земјата.

Воената компонента на разузнавачко-безбедносниот систем на Република Естонија ја претставува Безбедносно-разузнавачката управа во Министерството за одбрана, во чија надлежност е офанзивното собирање на разузнавачки информации за вооружените сили на други земји (посебно за Руската Федерација) и за други извори на закани по независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на Естонија. Наведената ресорска служба, која е подредена на командантот на естонските одбранбени сили работи и во рамките на командата и воените единици, каде што врши контраразузнавачка и безбедносна заштита на вооружените сили.

Координација на цивилните, безбедносните и разузнавачките служби на Естонија врши Комисијата за национална безбедност. Со неа раководи Координатор за национална безбедност, кој директно е одговорен пред премиерот.

Со законот се предвидени и механизмите за парламентарна контрола над законитоста на работењето на разузнавачките и безбедносните служби на Естонија, кои се спроведуваат преку Комитетот за безбедносен надзор.

## 2. РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА ЛАТВИЈА

Латвија е земја во северна Европа која се граничи со Белорусија, Естонија, Литванија и Русија. Земјата се состои од четири културно-историски региони и тоа: Курземе (Курландија) на запад, Земгале во централниот дел, Видземе на север и Латгале на исток. На површина од 64.589 км$^2$ живеат околу 2.205.000 жители (59,3% Латвијци, 27,8% Руси, 3,6% Белоруси, 2,5% Украинци, 2,4% Полјаци, 1,3% Литванци, 3,1 % останати). Официјален јазик е латвиски, а во службена употреба се користат и рускиот и литванскиот јазик. Со значителен процент на атеисти, 19,6% населението е со лутеранска вероисповест, 15,3% се православни, а околу 1,4% се католици. Од 1 јули 2009 година, има нова административна поделба на земјата, која вклучува и 109 општини и девет републички градови.[6]

[6] https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/lg.html (visited on 7.04.2012).

Според одредбите на Уставот од 1991 година, повеќепати дополнуван и менуван со амандмани, Република Латвија е унитарна држава и парламентарна демократија. На чело на државата е претседателот на Републиката со претежно церемонијални овластувања, избран од парламентот на секои четири години. Спроведувањето на внатрешната и надворешната политика е во надлежност на Советот на министри - Владата на Латвија.

Законодавната власт ја врши еднодомниот парламент (Saeima), чии 100 членови се избираат на општи избори по пропорционален изборен систем на секои четири години.

По нејзиното осамостојување во 1991 година, Република Латвија пристапила кон формирање на институции на безбедносно-разузнавачкиот систем, потпирајќи ги на целосен дисконтинуитет со ситуацијата која постоела за време на Советскиот Сојуз. За тоа целосна материјална, техничка и стручна помош на Латвија ѝ обезбедиле службите на земјите од Европската унија, каде директен имплементатор на воспоставувањето на новите институции во таа област била Германската федерална разузнавачка служба (BND) (Трифонов, 2007: 172-201). Со одлука на латвискиот парламент од 2004 година, отворени се архивите и досиејата од поранешните советски служби КГБ и е формиран Центар за документирање на последиците на тоталитаризмот (Rozenvalds, 2005).

Во текот на последната деценија од XX век во Република Латвија биле воспоставени, односно, радикално реформирани следните безбедносно-разузнавачки установи: Биро за заштита на уставниот поредок, Министерството за внатрешни работи, Служба за безбедност при Претседателот и Парламентот.

<u>Биро за заштита на уставниот поредок</u> (Satversmes aizsardzibas birojs – SAB), е тајна државна служба на чело со директорот, кое има автономна позиција во однос на Министерството за правда во чиј состав формално се наоѓа. SAB е овластен со закон за да врши работи за цивилните разузнавачки и контраразузнавачки служби и службите за заштита на уставниот поредок. Како таков, акцентот на неговото работење е на офанзивното собирање и анализа на разузнавачките информации за изворите на загрозување на националната безбедност на земјата, борбата против меѓународниот тероризам, организираниот и економскиот криминал, саботажи, корупција, шверц на наркотици, оружје и опасни материи, безбедносна и контраразузнавачка заштита на владините институции и личности. Со цел да ги вршат задачите во рамките на својата надлежност, Бирото за заштита на уставниот поредок има овластување да користи средства и методи, кои отстапуваат од неповредливоста на писмата и на комуникацијата.

Во надлежност на <u>Министерството за внатрешни работи</u> е спроведувањето на владините политики во областа на јавната безбедност. Министерот за внатрешни работи

му помага на државниот секретар во водењето на министерството. Министерот, односно, државниот секретар, непосредно се поврзани со следните служби: Кабинет, Служба за инспекциски надзор, Одделение за информации, Одделение за човечки ресурси, Служба за внатрешна контрола, Одделение за заеднички работи и Одделение за финансиско-материјални работи.

Државната полиција (Valsts policija) при Министерството за внатрешни работи на Република Латвија, централно е организирана и директно потчинета на началникот на полиција (Valdas Voins). Во однос на Министерството, државната полиција има оперативна независност во дејствувањето за заштита на личната и безбедноста на имотот, како и во откривање и гонење на сторителите на кривични дела.

Воената компонента на разузнавачко-безбедносниот систем на Латвија се базира на Воената разузнавачка служба при Министерството за одбрана. Приоритети во работата на службата се дефанзивно и офанзивно работење против службите на Руската Федерација и вооружените сили на земјата, вршење контраразузнавачки активности за заштита и безбедност на вооружените сили на Латвија и подготовка на анализи и проценки за раководството на земјата за изворите на заканите за суверенитетот на Република Латвија.

Службата за безбедност на Претседателот и Парламентот е институција во составот на Генералштабот на вооружените сили, надлежна за безбедност и контраразузнавање за заштита на личности и државни објекти, поврзани со позицијата на Претседател на Републиката и Saeima.

Координација на работењето на цивилните и воените служби се врши на владино ниво, а воспоставени се и механизмите на парламентарната контрола од страна на надлежната комисија Saeima (Комисијата за национална безбедност).

## 3. РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА ЛИТВАНИЈА

Литванија е источноевропска земја, која се граничи со Белорусија, Латвија, Полска и Русија. На 65.200 км$^2$ територија живеат околу 3.525.761 жители (јули 2012) од кои 82% се Литванци, 6,1% Полјаци, 4,9% Руси, 1,1% Белоруси, и 3,9% останати). Повеќето жители се католици (79%), а има и православни, лутеранци, протестанти, баптисти и припадници на еврејската вера. Државата административно е поделена на 10 окрузи.[7]

Според одредбите на Уставот од 1992 година, Република Литванија е унитарна држава и парламентарна демократија. Шеф на државата е претседателот на

[7] https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/lh.html (visited on 5.04.2012).

Републиката, кој се избира на општи избори секои пет години. Во негова надлежност е именување на премиер кој, заедно со другите членови на Владата, е одговорен пред Парламентот.

Законодавната власт ја извршува еднодомниот парламент (Seimas), кој има 141 пратеник со мандат од четири години. Изборот на 71 пратеник се врши со мнозински, а на 70 пратеници на парламентот со пропорционален изборен систем.

Борбата на Литванија за независност, која започнала во март 1990 година, а завршила со целосното повлекување на руските трупи на 31 август 1993 година, била ненасилна револуција. Тоа ја олеснило работата за воспоставување на институциите на новиот безбедносно-разузнавачки систем, затоа што новата влада на својата територија не затекла герилски сили или специјални формации, туку редовни служби кои ја поддржале независноста. Посебна помош во формирањето на нови литвански служби и обука на персоналот е обезбедена од страна на ЦИА.

*Структурата* на современиот безбедносно-разузнавачки систем на Литванија ја сочинуваат: Дирекцијата за државна безбедност, Службата за специјални истраги, Вториот оддел на оперативни служби

Дирекцијата за државна безбедност на Република Литванија (Lietuvos Republikos Valstybės Saugumo Departamentas - VSD), која претходно била дел од Министерството за внатрешни работи, од 1994 година е централно-автономна цивилна разузнавачка и контраразузнавачка служба за национална безбедност на Литванија. Надлежностите на оваа служба вклучуваат офанзивни разузнавачки активности, спречување на странска шпионажа и субверзија, собирање информации за меѓународните терористички организации, како и спречување на внатрешниот екстремизам и организираниот криминал. Директорот на VSD за своето работење е одговорен пред претседателот на Републиката. Се проценува дека Дирекцијата за државна безбедност на Република Литванија има околу 600 членови.

Службата за специјални истраги (Specialiųjų tyrimų tarnyba – STT), е формирана со соодветен закон од мај 2000 година, како специјализирана автономна служба со надлежности за превентивна разузнавачка работа за откривање на корупција и спречување на навлегувањето на криминалните структури во државните институции, која е одговорна преку директорот на претседателот на парламентот. Во седиштето на службата се формирани следните организациони единици: Прва управа, Втора управа, Управа за спречување на корупција, Оддел за борба против корупција, Оддел за анализа и проценка, Оддел за внатрешна контрола, Управа за администрација, Оддел за персонал, Оддел за планирање, Правна служба, Оддел за информатичка технологија, Оддел за жалби и Оддел за меѓународна соработка.

Територијалната организација на Службата за специјални истраги се базира на пет регионални управи (Вилнус, Каунас, Каипедиа, Паневажис и Шиаулаи).

Вториот оддел на оперативни служби (Antrasis operatyvinių tarnybų departamenatas - AOTD), организационо му припаѓа на Министерството за одбрана, а има надлежности и задачи како стратегиска воено разузнавачка и контраразузнавачка служба. На чело на оваа служба стои директор, кој го именува и разрешува министерот за одбрана. Вториот оддел на оперативни служби офанзивно делува и собира информации за вооружените сили на другите земји, првенствено за Русија, и со тоа обезбедува контраразузнавачка заштита на единиците на литванската армија (Visockas, 2006: 210-235). Некои од безбедносните функции на AOTD од 2008 година се од Министерството за одбрана префрлени на Заедничкиот штаб на вооружените сили, во кој функционира Службата J2, одговорна за спроведување на истраги, обезбедување на воените команди и штабови и воено-полициски должности. Според некои податоци, AOTD и J2 заедно имаат околу 400 припадници (Visockas, 2006: 215).

Работи од доменот на јавната безбедност - заштита на личности и безбедност на имот, одржување на јавниот ред, спречување на криминалот, откривање на сторителите на кривични дела, гранична безбедност и контрола на сообраќајот, централизирани се на ниво на земјата, и се во надлежност на Министерството за внатрешни работи (Vidaus reikalų ministerija), односно, на полициските и придружните служби во неговиот состав.
На Министерот за внатрешни работи во работењето му помага заменик министерот и неговите помошници. Во седиштето на Министерството се воспоставени: *Одделот за јавна безбедност; Одделот за општа инспекција; Одделот за внатрешна контрола; Одделот за јавна администрација; Одделот за ЕУ координација; Одделот за регионални работи; Одделот за материјално-финансиски прашања; Правниот оддел; Одделот за административни работи; Одделот за човечки ресурси; Одделот за меѓународна соработка и Одделот за информации.*

Надзор и координација на работењето на воената компонента на разузнавачко-безбедносниот систем на Литванија врши Државниот совет за одбрана, додека координацијата на цивилните служби се врши на ниво на влада. Карактеристично е тоа што Државниот совет за одбрана нема извршни овластувања и неговите одлуки не се обврзувачки. Исто така, карактеристично е дека министрите за внатрешни и надворешни работи не се членови на тоа тело (Vaidotas, 2009: 213). Во надлежност на Собранието е контролата на законитоста на работењето на службата и одобрување на буџетот за оваа намена.

## ЗАКЛУЧОК

Институциите на безбедносно-разузнавачките системи во повеќето земји од Источна Европа се развивале во повеќе заемно различни фази. Некои од нив биле толку дивергентни што со право може да се зборува за тотална ликвидација на старите и за квалитетно изградени нови системи на национална безбедност. Ова е особено изразено во земјите кои во текот на XX век, поради големите промени во општествено-политичките околности во маркантните историски периоди (Втората светска војна, завршувањето на „Студената војна"), повеќепати ја стекнувале и губеле својата независност. Впечатлив пример за таков дисконтинуитет во транзиција се поранешните советски републики: Естонија, Латвија и Литванија. Во нив, по распадот на СССР, радикално бил реформиран безбедносно-разузнавачкиот систем, односно, биле создадени нови разузнавачки и полициски служби. Горенаведените реформи произлегле од процесот на евроатлантските интеграции, бидејќи сите три балтички републики во мај 2004 година биле примени во ЕУ и во НАТО. Паралелно со тоа, формиран е квалитативно различен политички систем, а со тоа и институциите биле одговорни за нивната координација и контрола на разузнавачките и полициските служби.

Сегашните разузнавачки и безбедносни системи на Естонија, Латвија и Литванија во потесна смисла ги сочинуваат новоформираните цивилни и воени разузнавачки и контраразузнавачки служби, како и безбедносните и полициските сили. Тие се формирани врз моделот на разузнавачките и полициските служби по примерот на неколку земји од  Европската унија (Германија, Шведска), кои при воспоставувањето на новите институции им обезбедиле финансиска, техничка и стручна поддршка. Посебна помош во формирањето на новите служби и обука на персоналот им пружиле и САД (ЦИА).

Во програмската ориентација на дејствувањето на разузнавачките и полициските служби на балтичките републики, акцентот е ставен на собирање и на анализирање на податоците за изворите на закани за националната безбедност, борбата против меѓународниот тероризам, организираниот и економскиот криминал, саботажи, корупција, шверц со наркотици, оружје и опасни материи, обезбедување и заштита на институциите на власта и личности. Конечно, нема сомнежи дека во офанзивната разузнавачка и контраразузнавачка работа, службите на балтичките републики приоритетно се ориентирани кон Руската Федерација.

ЛИТЕРАТУРА

1. Aalto, P. (2003) *Constructing post-Soviet geopolitics in Estonia,* London & New York: Routledge
2. Archer, C. (2008) *New Security Issues in Northern Europe,* Michigan: Borders, Ann Arbor
3. Бакрески, О. (2006) *Координација на безбедносниот сектор: Искуства и практики*, Скопје: Филозофски факултет
4. Бакрески, О. (2012) *Контрола на безбедносниот сектор*, Скопје: Аутопринт и Филозофски факултет
5. Бакрески, О. и Милошевиќ М. (2010) *Современи безбедносни системи*, Скопје: Аутопринт
6. Baud, J. (1998) *Encyclopédie du Renseignement et des Services Secretes*, Paris: Lavauzelle
7. Visockas, G et.al. (2006) *Žvalgybų intrigos Lietuvoje, 1994 – 2006 (Intelligence intrigues in Lithuania 1994 – 2006)*, Vilnius: Spauda.
8. IBP USA (ed.) (2008) *Sweden Intelligence& Security Activities&Operations Handbook*, Michigan: Borders, Ann Arbor
9. Јелизаров, А. (2001) *Контрашпијунажа: ФСБ против водећих обавештајних служби света*, Београд: Паидеиа.
10. Knudsed, O. (2007) *Security strategies, power disparity and identity: the Baltic Sea region,* Ashgate Publishing Ltd, Farnham Surrey.
11. Lane, A.T. (2001) *Lithuania: stepping westward*, London & New York: Routledge.
12. Lerner, K.L.. et. al. (2004) *Encyclopedia of Espionage, Intelligence and Security*, Detroit:Thomson & Gale.
13. *Lituanus – Lithuanian Quarterly Journal of Arts and Sciences,* Vol. 15, No. 1, London, Spring 1969
14. Rozenvalds, J. (2005) *How democratic is Latvia*, Riga: Latvijas universitate.
15. Smith, D.J. (2002) *The Baltic states: Estonia, Latvia and Lithuania*, London & New York: Routledge.
16. Трифонов, Т. (2007) *Специјални служби на държави от Европа, Азия и Африка*, София, ФНМС
17. *Lithuanian Annual Strategic Review 2008* (ed. by Vitkus G.), Vilnius: Lithuanian Military Academy.
18. Visockas, G. et.al. (2006) *Žvalgybų intrigos Lietuvoje, 1994 – 2006 (Intelligence intrigues in Lithuania 1994 – 2006)*, Vilnius: Spauda.
19. *Lituanus – Lithuanian Quarterly Journal of Arts and Sciences* (editors of this issue: Antanas Klimas, Kestutis Skrupskelis), Vol. 15, No.1 – London, Spring 1969.

20. *Статистички годишник на Република Македонија*, Државен завод за статистика, Скопје, 2004.
21. www.agentura.ru/dossier/latvia
22. http://www.mfa.gov.mk/?q=makedonija/politicki-sistem
23. http://www.ia.gov.mk/maked/ar.htm
24. https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/lh.html
25. http://www.mfa.gov.mk/?q=makedonija/politicki-sistem
26. http://hr.wikipedia.org/wiki/Estonija